# EUROPEAN UNION IN THE INTERNATIONAL RELATIONS (A SMALL CONCEPT TO DEBATE AND RESEARCHING THE TOPIC)

**Gorgi Tonovski**
Faculty of Law, UCLO University – Bitola, Republic of Macedonia, gtonovski@yahoo.com
**Temelko Risteski**
Faculty of Law, FON University – Skopje, Republic of Macedonia, temelko_mkd@yahoo.com
**Vesna Sijic**
vesnasijic@live.com

**Abstract:** The European Union is relatively new real socio-political and economic subject in the international community. The main, basic idea of its construction and existence is the maxima that the European continent should be a completed hall human community, based on the principles of the social solidarity among the people of Europe. Or, as one of the founders of modern Europe Zane Money used to say „The Europe won't be build nether in the moment, nor with a common efforts, but it will be builded through concrete realizations, which firstawall will create **a real solidarity**".

A main value principle is that „**The European nations do not share anymore the common history, they share common life"**. The fact - The European Union – is animation of the European solidarity and of the idea to create the **Common European home.**

The European Union is a new state super-structure with imperial measures (economic, geographic, and political). It crosses and abandons the existed European state borders and matches the unification of the hall continent. Such a „giantific" social statehood creation (with 500 million inhabitants and enormous economical weight) normally provokes changes in the relations of the international community. The European Union is searching its „place under the sun", as an actor with power and authority in the international relations and in the international politics.

**Keywords:** The European Union, changes, politics, international relations, power.

# ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ (КРОКИ, ИЛИ МАЛ КОНЦЕПТ ЗА РАСПРАВА И ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТЕМАТА)

**Ѓорѓи Тоновски**
Правен факултет, УКЛО-Битола, Република Македонија, gtonovski@yahoo.com
**Темелко Ристески**
Правен факултет, ФОН – Скопје, Република Македонија, temelko_mkd@yahoo.com
**Весна Сијиќ**
vesnasijic@live.com

**Резиме:** Европската Унија е релативно нов реален социјално-политички субјект во меѓународната заедница. Базичната идеја врз кои таа се појавува и почива е максимата дека европскиот континент треба да претставува една целина на хумана заедница, фундирана врз принципот на солидарноста. Или како што вели и еден од татковците на денешната ЕУ, Жан Моне: "Европа нема да се изгради одеднаш, ниту пак со заеднички напори, туку таа ќе се гради преку конкретни реализации, кои најпрво ќе создадат **вистинска солидарност**".

Врвна вредносна одредба е дека **"Европските народи веќе немаат заедничка историја, туку имаат заеднички живот"**. Фактот **Европска Унија** е оживотворување на европската солидарност и идејата за создавање на **Заеднички европски дом**.

ЕУ е нова државна супер-структура со империјални економски, географски и демографски размери, во која се разбиваат државните граници и се обединува целиот континент. Таквата „циновска" креација (со 500 милиони жители и енормна економска тежина) нужно предизвикува промени во односите во меѓународната заедница. ЕУ го бара своето „место под сонцето", ја изместува моќта и распоредот на силите во меѓународните односи и станува авторитетен актер на меѓународната политика.

**Клучни зборови**: Европска Унија, промени, политика, меѓународни односи, моќ.

**ВОВЕД**

Големиот социјално-интеграциски бран што го зафати современиот свет, особено неговите високоразвиени делови (Европа, САД, Југоисточна Азија итн.), предизвика бројни промени во структурата, начинот на организирање и функционирање на меѓународната заедница, како и во трендовите на развој и релации помеѓу деловите и составните елементи на феноменот меѓународна заедница.

Мегатрендот на меѓународните односи за демократизација, либерализација и хуманизирање на социјалните односи во светот, се манифестира и во процесите на регионализација и глобализација на светските релации. Тие процеси ја упатуваат заедницата на *хомо сапиенсот* кон визијата за *планетирана хумана заедница*, или, како што тоа го нарекува Мек Дугал, кон *светот како големо село.*[39] Тоа се согледува во бројните облици на нов вид на соработка на народите и нивните државни творби низ светот кој се базира на променетите суштини на функционирањето и стимулирањето на елементите низ кои се остварува таа соработка. Тоа нужно го подржува, но и го поспешува процесот на интеграција на меѓународните организациони форми, но и елементите на меѓусебната соработка меѓу државите во меѓународната заедница.

Зголемувањето на бројот на прашањата од општосветско значење и карактер наметнаа нови содржини и форми на суштинските елементи од пулсирањето на светот како што се економскиот систем, политичкиот систем, светскиот пазар, меѓународната поделба на трудот, меѓународната научно-техничка соработка итн. Но, на другата страна се појавија и потешкотии во самата заедница кои нужно бараат широка светска интервенција – климатските промени, безбедноста, мирот, тероризмот, трговијата со наркотици, оружје и луѓе, организираниот криминал и слично.

Значи, современиот свет е соочен со бројни предизвици кои ги потресуваат темелите врз кои тој почива, тој мора да изнајде одговори на предизвиците со кои ќе го продолжи нормалното опстојување на планетата и на заедницата на човековиот род и ќе се ревитализира загрозениот свет на животот. Во тој процес, европското обединување има круцијално значење, или како што тоа ќе биде нотирано во **Манифестот од Вентотене**: "Кога еднаш хоризонтот на стариот континент ќе биде надминат и сите народи кои го прават човештвото ќе бидат вклучени во единствениот дизајн, ќе мора да се признае дека европската федерација е единствената разумна гаранција, способна да ги обезбеди пријателските односи со народите на Америка и Азија, како основа на мирољубивата соработка и перспективите на една подалечна иднина, кога ќе стане можно политичкото единство на целиот свет".

Отпочнатиот процес на социјална интеграција претпоставува сериозни и осмислени зафати во социјалното милје. Интегративно фундираниот и насочен социјален процес нужно го следи потребата од конституирање на нови организациони и вредносни апаратури со кои тој ќе се реализира во историската практика и ќе го воспостави здравиот тек на мејнстримот на социјалниот развој. Во новите организациони форми и новоосвежен вредносен систем, кои соодветствуваат на барањата на функционирањето на динамичното и демократизирано современо општество, значајно место, меѓу другото, заземаат меѓународните организации, меѓународното право, комплексот на човековите права, како и појавата на **Европската Унија** како прва голема интеграциска модерна социјална творба.

Гледано во овој комплекс, Европската унија се манифестира како евидентна апликација и верификација за неодминливиот интегративен процес, кој, по победата на европскиот простор, во конкретна организациона форма веќе се најавува во амбициите на земјите од АСЕАН групата. Земјите на АСЕАН отпочнаа на активности за конституирање на голема интеграциона социјална целина (по угледот на Европската Унија) на теренот на Југоисточна Азија. ЕУ е своевиден *интеграциски модел* и за јужноамериканските држави и формирањето на *Mercosur (Mercado Común del Sur)* или Заедничкиот јужен пазар по теркот на ЕУ.

Тоа се нужни цивилизациско-модерно предизвикани промени во меѓународната заедница. Еден од субјектите и фактите на тие промени е Европската Унија. Таа сега е фактор на меѓународните односи и моќен насочувач на развојот и збиднувањата во меѓународната заедница.

## 1. МЕГАПРОЕКТОТ ЕВРОПСКА УНИЈА

Идејата за единствена Европа ја сретнуваме во теоретските корпуси на сите големи интелектуалци во историјата на континентот, во големите политички и воени случувања низ европскиот простор, во корените на индустриската и научно-технолошката револуција, но и во влијанието врз европскиот духовен и културен круг од страна на американското искуство (САД).

[39] Види: Вотерс М., Глобализација, Институт за демократија, солидарност и цивилно општество, Скопје, 2003, стр. 62-66.

**Европската Унија** се базира врз практиката на функционирање на Римската Империја, таа го следи логичниот современ процес на интеграција, но и ги избегнува Сцилите и Харибдите на двата историски обиди за обединување на Европскиот континент – оној на Наполеон и оној на Хитлер.

Римската Империја е поучна со нејзиниот начин на функционирање и уредување на големата територија и со нејзините раширени државни граници надвор од европскиот простор. Иако почиваше на принципот на доминација на Римјаните и патрициите на огромната територија, искуствата во однос на мултиетничноста и мултикултурата во Римската Империја беа значајни за почетните активности и првите облици, па и подоцна, на Европската интеграција[40].

Европскиот интегративен праксис отстапува од проектите за создавање на европска државна творба преку војни и доминација на еден народ и на неговата култура на целата европска територија. Тоа не беа вистинските патишта на творците на ваквите идеи за создавање на евентуална голема и обединета Европа (на француските – Луј XIV и Наполеон, на италијанскиот – Кавур и Мусолини, или на германскиот – Бизмарк и Хитлер, сеедно). Денешниот демократски Европски интеграциски праксис ја следи и практикува логиката на принципот **"Европа како колевка на рамноправни народи и територии"**. Изворот на овој праксис не лежи во состојбата на доминација на едни народи врз други, туку е вкомпониран во општествено-економските длабочини и во демократските димензии на социјалното уредување кое е обележено со примат на корпусот на човековите права. Овој праксис ја поставува на тронот на примарен фактор потребата од почитување на човековите права, еден од основните документи е ЕКЧП, а водечка и позитивна определба е мултиетничкото и мултикултурното сожителство. Ваквиот праксис постави поинакви темели на промислувањето и функционирањето на современите меѓународни односи.[41]

## 2. ПОЗИЦИЈАТА НА ЕУ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ

Позицијата, улогата, значењето, влијанието и моќта на Европската унија е секојдневно сè посилна и поевидентна. Таа нов неодминлив актер во „кругот на моќта" што го сочинуваат субјектите на меѓународните односи. Нејзината појава и инвазија врз меѓународните збиднувања и кроења на судбината на современиот свет ги помести традиционалните етаблирани закостенети структури и позиции во меѓународните односи и во светската политика. Таа стана еден од гарантите на развојот на мирот, стабилноста, демократијата и на корпусот права на човекот во светот кој се повеќе се декларира како хуманистички и либерален.[42] Паролата на Француската револуција Fraternite, legalite, liberte со иницијативите на Европската Унија на меѓународната сцена добива нова реална димензија. Улогата на ЕУ во меѓународните односи е јасно видлива во неколку генерални факти:

**прво**, таа генерално претставува *поук, наук, прво искуство, насока* за идните конструкции на институционализирана политика, за новите големи државно-нституционални творби, интеграциони целини во современиот свет. Таа е договор на прашањето како да се гради заедничкиот свет. Според искуствата што таа ги рефлектира врз светската практика тоа е свет на големи интеграции со многубројни и етничко-различни популации обединети во големи политички субјекти кои опстојуваат под мотото "**простор на слобода, правда и демократија**".[43]

**второ**, таа *се јавува* како нов субјект во комплексот односи меѓу државите во меѓународната заедница.

**трето**, таа *се препознава* како нов моќен играч во меѓународната политика.

**Четврто,** нејзиниот ангажман на меѓународната сцена внесува нови димензии во стратегијата и тактиката на водењето на меѓународната политика, и на учеството во меѓународните односи.

## 3. ЕУ - РЕАЛНА МОЌ И ВЛИЈАНИЕ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ

Паралелно со конституирањето и конструирањето на внатрешната архитектура на Унијата и нејзиното дефинирање во смисла на *сојуз на држави, или сојузна држава или надинституционалан творба или политичка унија и слично,* пред Европската Унија стои уште еден голем предизвик по однос на нејзиното место и улога во меѓународните работи. Имиџот и реалната моќ и влијание треба да се градат во континуитет во следниве нивоа на релации и насоки:

[40] Види: Drucker P., Postkapitalističko društvo, Poslovni sistem „Grmeč" – „Privredni pregled", Beograd, 1995, str. 117, 119-120.
[41] Fontaine P., Europe in 12 Lessons, European Commision, Brussels, 2004, page 3-6.
[42] Fontaine P, Ibid, page 49-54
[43] Борхарт К,Д., АБВ на правото на Европската Унија, Европска Комисија, Брисел, 2000, стр. 11-18.

**Првото ниво** на активности е сеуште во тек и е поврзано со прашањето на континуитетот на активностите за конституирање, структуирање, институционализирање и стабилизирање на Европската Унија. Таа сè посилно станува дефинирана политичка творба која врз доброволен принцип го обединува најголемиот дел од државите на континентот и се прогласува себе си како *Европа без граници*, или *Европа, еден заеднички дом*.[44] На ова ниво, посебно доаѓа во "судир" концептот на нација–држава наспроти концептот на супра–националната. Обединетата Европа европските суверени држави (сегашни и идни членки) ја препознаваат како заеднички дом[45].

**Второто ниво** е дефинирање на стратегија и тактички потези на европскиот политички субјект во меѓународните односи. Меѓународната заедница е составена од богатство на политички субјекти кои на светската политичка сцена се присутни со своите национални (државни) интереси кои ретко се изедначуваат и целосно не се поклопуваат со универзалниот интерес. Тоа се бројни лепези на интереси и активности од различни диоптрии, фокусирања, очекувања, надежи, реалности и илузии, перспективи, и слично, низ кои се манифестира и препознава политичката амбиција на секоја држава во меѓународната политика. Во таков континуитет на светски случувања влегува новиот политички субјект (ЕУ) со објективна намера и очекување дека во тој галиматијас од различни (па и, помалку или повеќе, конфликтни интереси) треба да се избори за "свое место под сонцето". Контроверзната и контрадикторна позиција и важност на "старата добра Европа, за едни, или Вавилонска блудница, за други" (третман инспириран од различните вековни искуства на поединечните европски народи, на светската популација од односот на европските големи сили во различни периоди од светските збиднувања) претставува своевидна обврска и бреме при настапувањето и дејствувањето на ЕУ во меѓународните односи. Нејзината стратегија и тактика во меѓународните односи се соочува со бројни прашања чие дефинирање е претпоставка за нејзино солидно позиционирање во меѓународните релации. *Прво*, стратегијата мора да биде дејствен есенцијален сумариум на различните и во историјата често меѓусебно конфликтни интереси низ историските наследства на државите-членки на ЕУ. *Второ*, тактиката претпоставува инвентиран и рационализиран оперативен ангажман и систем со кој во светската практика се преточува ваквата стратегија (на ЕУ). *Трето*, стратегијата е поврзана со прашањето на сојузење помеѓу државите во светот. *Четврто*, стратегијата ги посочува основните постулати на политиката на ЕУ; кои и какви вредности таа ќе застапува и протежира во светот, како и политичките сили кои се на страната на тие вредности, постулати и принципи на нејзината меѓународна политика. *Петто*, прашањето за бенефитот од меѓународното ангажирање. *Шесто*, придонесот во големиот универзален проект за мир и безбедност на светот. *Седмо*, (не и последно) стратегијата се однесува и на позиционирањето на Европската Унија (со оглед на нејзината моќ и влијание на светски план) во новиот комплекс познат под кратенката БРИКС. **Жак Атали** наведува неколку предуслови кои овозможуваат една земја да биде вброена во редот на тнр. суперсили кои ја имаат најголемата улога и моќ во меѓународните односи. Предизвик за Европската Унија е исполнувањето на овие критериуми. Од степенот на нивното исполнување во многу зависи и нејзината позиција и моќ во светски размери, но и нејзината стабилност и просперитетност како дом на околу 500 милиони луѓе.

**Трето ниво** во континуитетот на созревање и афирмирање на Европската Унија е прашањето на институционализацијата на нејзиниот меѓународен ангажман. Институциите на надворешната и меѓународната политика, дипломатијата итн., имаат задача да го следат и унапредуваат учеството, влијанието, местото, моќта и специфичната тежина на Европската Унија во меѓународните односи. Од Европската Унија се очекува значаен ангажман и придонес за унапредувањето на квалитетот на меѓународните релации, но и за разрешување на бројни меѓународни отворени прашања во релациите помеѓу државите во светот. ЕУ на меѓународната сцена е една од најмоќните економии во светот и политичка творба која е новина во меѓународните односи па станува значајно прашањето колку е функционална со оглед на нејзината структурираност и бројност на политички субјекти кои ја сочинуваат.

**Четвртото ниво** се однесува на широчината на ангажманот на Европската Унија во меѓународните односи. Со оглед на нејзината големина и моќ, во сферата на нејзиниот интерес се сите прашања кои се актуелни и развојни во меѓународните односи и кои се протегаат на целиот планетарен простор во сите негови димензии. Тоа го наметнува и прашањето на неопходното политичко определување на Европската Унија кон потенцијалните и актуелните политички сојузници. Според логиката на нештата, Еропската Унија се

[44] Моне Ж., Европа нашиот заеднички дом, Време, Скопје, 2007, стр. 57 и 61.

ориентира на сојузи со оние држави и колективитети во меѓународните односи кои се на линијата на нејзиниот интерес (интересите на државите членки), како и со државите кои ги споделуваат вредностите и принципите на генералната политика на оваа интеграциона целина. Тргнувајќи од тоа, се екстрахира и европскиот интерес, како **вредносен интерес** (*raison de valeur*), кој посебно придонесува за идентификација на ЕУ како меѓународен субјект со свои особености и преференции. Според самото свое стратешко и општосоцијално место во светот, ЕУ има посебна одговорност за зачувувањето на мирот и безбедноста во светот, но и за обезбедување и одржување на прогресивниот тренд во неговиот севкупен развој. Тоа е мејнстримот на нејзиниот ангажман во меѓународните односи.

**Петтото ниво** го зафаќа нејзиниот однос со најблиските држави-сојузници, односно помалите земји по региони, со кои Европската Унија има потесни врски на соработка. Во нејзината економска, политичка, научна, културна и социјална стабилност послабо развиените земји во светот гледаат потпора и надеж за нивен побрз развој. Помошта на ЕУ кон овие земји е голем потенцијал и придонес во позитивното насочување на меѓународните односи. Ова е особено актуелно за земјите од тнр. Западен Балкан,[46] но и пошироко, особено за земјите на третиот и четвртиот свет.

**Шестото ниво** е поврзано со афирмацијата и форсирањето на нејзиното позитивно искуство во формирањето, конституирањето и структурирањето на европската интеграциона целина. Ова искуство е добар пример за други земји и делови во светот во кои општиот интегративен процес и тренд веќе доживува своја зрелост. Во меѓународните односи во овој историски миг се очигледни напорите и конкретните активности за формирање на слична интеграциона целина како ЕУ кај земјите на АСЕАН. Уставот и водечкиот политички естаблишмент на АСЕАН ги отпочнаа и ги преземаат сите неопходни мерки за постепено остварување на нивната визија за формирање на тнр. интеграција на земјите од Југоисточна-Азија.

**Седмото ниво** ги засегнува определбите на Европската Унија за проширување на нејзиниот безбедносен, но и економски простор со конституирањето на тнр. **Медитеранска Унија** во чиј состав се Европската Унија и земјите на Медитеранот, односно земјите од просторот над Сахара. Медитеранската Унија е меѓународна организација чија цел е да се одржува и унапредува соработката со земјите од басенот на Средоземното море и Европскиот континент, а воедно е и знак за поставување на контурите на една широка заедничка унија која асоцира на просторите на Римската Империја. Преку етаблирањето на Медитеранската Унија, Европската Унија го потврдува своето историско присуство и улога на Медитеранот, симболично изразувајќи го преку синтагмата ***Mare Nostrum***, или враќањето на Медитеранот (и Медитеранското море) во прегратките на Европа. Големите бранови на илегални емигранти што доаѓаат од големите пространства на Африка (со потекло и од другите неразвиени земји) го усложнуваат мирниот и безбеден живот и развој на Европа. Тоа силно ја актуелизира и оправдува идејата и практиката за воспоставување и функционирање на Медитеранската Унија. Оваа унија, односно проширена интеграциона целина на европскиот и северноафриканскиот дел, ги одбележува границите на новата интеграциона граница подалеку од бреговите на Медитеранот, со што притисокот од илегална емиграција значително би се намалил. Вакви цели и намери се насираат и во меѓународната организација НАФТА (NAFTA) во која членуваат САД, Канада и Мексико. На ова ниво, посебно значење добива и историски-детерминираното создавање на европското “невидливо царство”, односно **Евросферата,** како директен продукт на **моќта на историското наследство** на Европа.

**Осмото ниво** директно се поврзува со моќта, односно надворешно–политичката моќ на Европската унија и нејзиниот капацитет за моделирање на современата меѓународна политика. Во оваа насока,Унијата драстично отскокнува од “историјата” во ерата на “пост-историјата” (според Франсис Фукујама), притоа правејќи сериозни исчекори напред кон формулирање на еден пост–модерен ракурс во функционирањето на меѓународните односи. Ваквиот пост–модерен карактер на ЕУ, праволиниски се одразува и врз нејзините оперативни капацитети за артикулација на моќ, што неа ја прави специфична и целосно различна во однос на другите меѓународни субјекти (државите или меѓународните организации). Во оваа смисла, ЕУ развива дивергентни типови на надворешно–политичка моќ (цивилна моќ, нормативна моќ, трансформациона моќ, компензациона моќ, идеолошка моќ, мека / тврда / умна моќ итн.). Дотолку повеќе што преку артикулацијата на надворешно–политичката моќ, ЕУ се амбицира да проектираа и визии за моделот и содржината на новиот, пост–американски светски поредок, секако креиран според нејзиниот рефлексирачки алгоритам и код на функционирање. Таквата амбициозност на ЕУ, поткрепена со нејзината концентрирана

[46] Види: Arvanitopoulos C.,Botsoiou K., Lamers B., EU Integration and the Future of Southeasten Europe, I Sideris, Athens, 2003, page 133-149.

вредносна и нормативна есенцијалност, мошне фигуративно ја илустрира и авторот Марк Леонард, со зборовите: “Ние ќе сведочиме за создавањето на ‘новиот европски век’. Но не поради тоа што Европа ќе го води светот како империја, туку затоа што европскиот модел на функционирање ќе прерасне во светски”.

**ЗАКЛУЧОК**

Појавата на Европската Унија во меѓународните односи предизвика посебни предизвици во однос на досегашната меѓународна практика и распоредот на силите на светската сцена. Интересот за меѓународните одбоси претставува составен дел на проектирањето и јакнењето на течението на процесот на нејзиното етаблирање и стабилизирање како нова политичка творба на политичкаста сцена на меѓународната заедница. Создавањето на нејзините стабилни столбови нужно вклучува и меѓународна димензија во политиките на Европската Унија. Тоа неа ја чини силен фактор и актер во „кругот на моќта” во меѓународните релации. Поставувањето на нејзините позиции е навистина тешка задача. Ваквата амбиција и практично однесување на Европската Унија ги доведува во прашање и ги разбива старите и традиционални „заледени” структури и позиции во меѓународните односи и во светската политика. Но тоа истоевремено им дава нова свежина и полет на конструирањето и функционирањето на современите прогресивни тенденции и сили во оваа област желна за промени и нови демократски струења.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Arvanitopoulos C.,Botsoiou K., Lamers B., EU Integration and the Future of Southeasten Europe, I Sideris, Athens, 2003.
[2] Борхарт К,Д., АБВ на правото на Европската Унија, Европска Комисија, Брисел, 2000.
[3] Drucker P., Postkapitalističko društvo, Poslovni sistem „Grmeč“ – „Privredni pregled“, Beograd, 1995
[4] Fontaine P., Europe in 12 Lessons, European Commision, Brussels, 2004.
[5] Илиќ Г., “ЕУтопија: Надворешно-политичката моќ на ЕУ во идеологизацијата на пост-американскиот свет”, Графопром – Битола, 2012.
[6] Ilić G, ***Normative power interrupted: the EU, BRICS and the Republic of Macedonia,*** NEW BALKAN POLITICS: JOURNAL OF POLITICS (ISSN 1409-8709), Issue No. 14 – 2014, http://www.newbalkanpolitics.org.mk/item.php?id=142
[7] Моне Ж., Европа нашиот заеднички дом, Време, Скопје, 2007.
[8] Николовски А., Чавлески А., Институции на ЕУ, Универзитет, ФОН, Скопје, 2008.
[9] Рен О., Следните граници на Европа, Институт за економски стратегии и меѓународни односи “Охрид”, Скопје 2007.
[10] Реџепи З., Обединета Европа – од идеја до реализација, АРС 33, Тетово 2010.
[11] Тоновски, Ѓ., Современа меѓународна заедница, ФОН Универзитет, Скопје 2008.
[12] Тоновски Ѓ., Меѓународни организации, ФОН Универзитет, Скопје 2009.
[13] Вотерс М., Глобализација, Институт за демократија, солидарност и цивилно општество, Скопје, 2003.